Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Скопје Р. Македонија

Дата 23 -03- 2021

Бр. 02-520/1

Врз основа на член 19 од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (Службен весник на РМ бр. 113/07, 24/11, 24/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18), а во врска со член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.46/16), директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност го донесе следното

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ, ИЗДВОЈУВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРИЈАВИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ НА УКАЖУВАЧИТЕ И НА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИТЕ

Член 1

Со ова Упатство се уредува начинот и постапката за заштитено внатрешно пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (во натамошниот текст: Национална агенција) во врска со заштитено пријавување и обезбедување заштита на укажувачите.

Член 2

Укажувач може да биде секое лице кое:

- има засновано работен однос на неопределено или определено време во Националната агенција;
- е кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во Националната агенција;
- е или било волонтер или практикант во Националната агенција;
- по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа од Националната агенција;
- по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка Националната агенција;
- лице кое користи или користело услуги во Националната агенција.

Член 3

Директорот на Националната агенција назначува овластено лице за прием на пријави од укажувачи заради заштитено пријавување во Националната агенција (во натамошниот текст: овластено лице), на кое му обезбедува независност и непреченост во работата.

Овластувањето особено содржи податоци за име и презиме, работно место и телефонски број на овластеното лице, поштенска адреса и адреса на

електронска пошта за прием на пријави.

Податоците од став (2) се објавуваат на веб страницата на Националната агенција.

Директорот на Националната агенција на овластеното лице од став (1) на овој член му обезбедува простор и опрема пропишана во член 4 став 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Сл.Весник на РМ бр.46/2016).

Член 4

Овластеното лице, врши прием на пријави од укажувач, поединечно или групно, доставено лично во писмена форма или преку посебно поштенско сандаче поставено во просториите на Националната адреса или на електронското сандаче на овластеното лице или усно на записник.

Пријавата во писмена форма или на записник укажувачот ја поднесува до овластеното лице само во текот на работното време.

Заведувањето на примените пријави, овластеното лице го врши со ставање на приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

Член 5

Заштитено пријавување укажувачот го врши во Националната агенција, за каде укажувачот има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето од ставот (1) на овој член.

Член 6

Кога пријавувањето од укажувач е извршено директно до овластеното лице, на јавно достапните контакти, во Националната агенција, овластеното лице задложително:

- Постапува по пријавувањето со почитување на постапките утврдени со ова Упатство;
- Презема мерки за заштита на личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно прописите за заштита на личните податоци и
- го информира укажувачот доколку е познат, за преземените мерки во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Член 7

Доколку пријавата е дадена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани следните податоци:

а) податоци за укажувачот;
   - име и презиме,
   - категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачите

може да се јави во својство на укажувач,

- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа бара;

б) податоци за лицето против кој укажувачот пријавува;

в) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или згрозува јавниот интерес;

г) начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот (предложени од укажувачот);

д) прилози;

ѓ) датум и место на прием на пријавата.

Заради совпаѓање на содржината на усната пријава, записникот го потпишуваат укажувачот и овластеното лице и истиот се заведува како примена пријава, а по барање на укажувачот може да му биде доделена копија од записникот.

Член 8

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластено лице го печати записот кој одговара на пријава според содржината и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записник го заведува како примена пријава.

Доколку печатењето на прилозите од став 1 на овој член е неекономично, овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебниот компјутер обезбеден со лозинка позната само нему.

Кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот на ставот (2) на овој член, овластеното лице извршувајќи ги обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.

Член 9

Овластеното лице истиот ден по приемот на пријавата ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон.

Доколку се утврди дека пријавата не претставува, одосно не се однесува на пријава на укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка и ја евидентира во посебниот деловодник, задржува копие од предметот, изготвува допис за доставување на предметот со приложените документи во оргинал до писарницата на надлежната институција, го известува подносителот на пријавата доколку е познат и го архивира предметот.

За преземените дејствија од ставот (2) на овој член, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

Член 10

По приемот и заведувањето на пријавата, овластеното лице без одлагање

врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава за укажувач согласно Законот за заштита на укажувачите и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за натамошно постапување.

Во вршењето на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, притоа да внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

По извршување на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице донесува заклучоци за натамошното постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежност/ненадлежност за постапување на институцијата каде е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријава.

Доколку овластеното лице утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во посебниот деловодник.

Член 11

По примената пријава што е упатена до Националната агенција, за која овластеното лице ќе процени дека истата е логична, разумна и содржи доволно елементи за натамошно постапување, истото презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата, односно ја проследува пријавата до службено лице во Националната агенција надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат иденитетот на укажувачот доколку истиот барал да остане доверлив.

Службеното лице по приемот на пријавата постапува по истата и презема мерки по наводите истакнати во пријавата и до овластеното лице во рок од 7 (седум) дена доставува извештај за преземените мерки и активности во врска со пријавата.

Овластеното лице на барање на укажувачот го известува за тековните дејствија кои се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачотда изврши увид во списите на предметот кој е оформен врз основа на неговата пријава согалсно закон.

Доколку овозможувањето на увидот од ставот (2) на овој член, односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел од списите на предметот.

За исходот од постапката по предметот оформен по пријавата овластеното лице во рок од 15 (петнаесет) дена го известува укажувачот доколку е познат или овластеното лице од друга институција која ја проследило пријавата, за преземените мерки и дејства.

Член 12

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од членот 10 на ова Упатство овластеното лице, без одлагање го известува директорот на

Националната агенција со писмено известување потпишано и заверено од службеното лице.

По исклучок, доколку овластеното лице во вршењето на проценката од членот 10 на ова Упатство констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против директорот на Националната агенција, претседателот на Управниот одбор или член на управниот одбор, пријавата, без известување до директорот на Националната агенција, ја проследува до надлежната институција согласно закон.

Член 13

Овластеното лице на Националната агенција до кое е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно закон, најдоцна до 8 (осум) дена од денот на приемот пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција.

Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавената писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:

- до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно Законот за заштита на сведоци или
- до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.
- За проследување на пријавата од ставот (1) на овој член и за доставување на писменото барање од ставот (2) алинеи (1) и (2) од овој член, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат.

Член 14

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука.

Овластеното лице е должно да ги заштити податоците за укажувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на укажувачот, освен ако укажувачот се согласил на откривање на тие податоци а во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци

Секое лице кое ќе ги дознае податоците од ставот (2) на овој член е должно да ги заштити тие податоци.

Овластеното лице е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежен

орган, ако доколку без откривање на идентитетот не би било можно да се постапува пред тие органи, како и да го извести за мерките за заштита на учесник во кривичната постапка.

Ако во текот на постапката е неопходно да се открие идентитетот на укажувачот, овластеното лице е должно да го извести укажувачот, пред откривање на идентитетот.

Овластеното лице потпишува Изјава за неоткривање на лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци.

Член 15

Заштитата на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи кои барале да бидат анонимни и на доверливи пријави од укажувачи, а кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, се врши согласно прописите од областа за заштита на личните податоци и заштитата на класифицираните информации и согласно Законот за укажувачи.

Член 16

Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно со закон.

Укажувачот може пред надлежен суд да побара:

- Утврдување дека е преземено штетно дејствие или е повредено право заради укажување;
- Забрана на вршење на шетно дејствие или повреда на право и повторување на штетно дејствие или повреда на право;
- Поништување на акт со кое е извршено штетно дејствие или повреда на права;
- Отстранување на последиците од штетно дејствие или повреда на прави;
- Надоместок на материјална или нематеријална штета.

Член 17

Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиски лица заради заштитено внатрешно пријавување.

Барањето за надомест на штета од ставот (1) на овој член се остварува со поднесување тужба пред надлежен суд.

Член 18

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

Злоупотреба на пријавување на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, достепен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дека тие се точни и веродостојни.

Со утврдување на злоупотреба од ставовите (1) и (2) на овој член се губи заштитата обезбедена согласно Законот за заштита на укажувачите.

Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

Член 19

Овластеното лице на Националната агенција изготвува, потпишува и доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави. Полугодишниот извештај ги содржи податоците кои се пропишани со правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.46/16).

Член 20

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе биде јавно достапно преку објава на веб страницата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

**Директор**
**м-р Марко Ѓоргиевски**

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Скопје
Р. Македонија
I